Konrad Adenauer Stiftung

ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2013 ГОДИНА

ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА
"SOCIETAS CIVILIS" СКОПЈЕ

ПОЛИТИКА

ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2013 ГОДИНА

ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2013 ГОДИНА

Илина Мангова
Јован Близнаковски
Александар Талимџиоски
со придонес на
Александра Мургоска

Импресум

Наслов:

Прирачник за локални избори во Република Македонија 2013 година

Издавач:

Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Институт за демократија "Societas Civilis" – Скопје

Автори:

Илина Мангова / Јован Близнаковски / Александар Талимџиоски со придонес на Александра Мургоска

Координација:

Давор Пашоски

Лектура:

Марјан Патлиџанковски

Дизајн:

Винсент графика

Публикацијата може бесплатно да се преземе на:
http://www.kas.de/mazedonien

Напомена :

Ставовите изнесени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Societas Civilis" – Скопје, туку се лични гледишта на авторите.

Содржина:

1. Вовед во локалните избори 2013 година 8

Подготовки за локалните избори2013 16

Историјат на локалните избори во Македонија 27

2. Македонскиот изборен систем за локални избори 32

Изборен модел 33

Органи за спроведување на избори 34

Право да се биде избран 36

Ограничувања за актуелни функционери – кандидати за градоначалници или советници 37

Број на членови во советите 38

Право и процедура за поднесување кандидатури за градоначалници и листи за советници 38

Изборна кампања 39

Улогата на јавните гласила 40

Набљудување на изборите 41

3. Политички партии и коалиции 42

ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) 43

Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) 45

Демократска унија за интеграција (ДУИ) 47

Демократска партија на Албанците (ДПА) 48

Национална демократска преродба (НДП) 50

Социјалдемократска унија (СДУ) 50

Социјал демократска партија на Македонија (СДПМ) 51

Народно движење на Македонија (НДМ) 52

Обединети демократски сили на Ромите (ОДСР) 52

Сојуз на Ромите на Македонија 53

Српска напредна странка во Македонија (СНСМ) 53

Коалиции 54

„Сојузот за иднината" 54

„За подобра Македонија" 55

4. Преглед на кандидати за градоначалници на локалните избори 2013 58

5. Извори 122

ВОВЕД ВО ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013 ГОДИНА

ВОВЕД ВО ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013 ГОДИНА

На 24 март 2013 година ќе се одржат петтите локални избори во независна Република Македонија. За локалната власт ќе се натпреварува 341 кандидати за градоначалници и 451 советнички листи.

Во текот на последниот мандат на локалната самоуправа, од март 2009 година до март 2013 година, најголемиот број на градоначалнички места ѝ припаѓаат на владејачката партија Внатрешно македонско револуционерна македонска организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), која освои 56 градоначалнички и 460 советнички места. Втора најуспешна партија во поглед на градоначалничките места на тие избори беше Демократската унија за интеграција (ДУИ), која освои 15 градоначалнички (едно во рамките на коалицијата) и 179 советнички места. СДСМ има свои градоначалници во 7 општини,[1] а на изборите во 2009 година освои 282 советнички места. Втората по големина партија помеѓу албанскиот електорат, Демократска партија на Албанците (ДПА) има едно градоначалничко место и 52 освоени советнички места. Покрај овие партии, по еден градоначалник беше избран од Нова демократија, Демократска партија на Турците во Македонија, Сојуз на Роми, Радикална партија на Србите во Македонија и двајца независни градоначалници.[2] Исто така, ВМРО-ДПМНЕ од 2006 година е на власт на национално ниво, откога победи на два последователни предвремени парламентарни избори, на 1 јуни 2008 година и, на 5 јуни 2011 година.

[1] При крајот на мандатот, на 17 февруари 2013 година, поради непочитување на одлуката за бојкот на изборите и поднесување на кандидатура под покровителство на Српската напредна странка, еден од седумте градоначалници, Стевчо Јакимовски беше исклучен од СДСМ

[2] OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights. *The former Yugoslav Republic of Macedonia Presidential and Municipal Elections 22 March and 5 April 2009. OSCE/OIDHR Election Observation Mission Final Report. Warsaw,* June 2009

За овие избори стапува во сила промената на територијалната организација на локалната самоуправа што беше предвидена со Законот за територијална организација на локалната самоуправа од 2004 година, а потоа одложена со неговата измена во август 2008 година.[3] Во 2012 година општините Вранештица, Зајас, Другово и Осломеј станаа дел од општина Кичево, со што бројот на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во Македонија се намали од 85 на 81.

Локалните избори се одржуваат по двомесечна политичка криза во која влезе Македонија при донесување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Имено, опозициските парламентарни партии СДСМ, ДПА и Народната демократска преродба (НДП) го применија методот филибастеринг за да го оневозможат донесувањето на Предлог Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Од страна на овие три партии беа поднесени вкупно 1225 амандмани до Комисијата за финансирање и буџет. Парламентарната опозиција ја обвини Владата дека со предложениот буџет ќе ја задолжи државата со кредити, кои вклучувајќи ја и наредната година би достигнале долг од 600 милиони евра. Исто така, според опозицијата Буџетот бил наменет за „предизборно купување на гласовите на пензионерите, на корисниците на социјална помош".[4] Од друга страна пак, пратениците на ДПА и НДП ја обвинија Владата дека Буџетот е искреиран во корист на македонската етничка заедница и ја дискриминира албанската етничка заедница.[5] Соочени со можност буџетот да не се донесе навреме,[6] Законодавно-правната комисија започна со заседавање по предложените амандмани, што според член 79 од Деловникот треба да се одвива откако амандманите ќе бидат прегледани во матичната комисија.[7] Поради ова, пратениците на опозицијата започнаа да ја попречуваат и оневозможуваат работата и на Законодавно-правната комисија и го обвинија мнозинството за прекршување на Деловникот на Собранието.[8] На 22 декември 2012 година, до претседателот на Собранието на Република Македонија доставени се извештаи од Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија во однос на Предлог Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Првиот е потпишан од мнозинство пратеници од владејачките партии, при што се дава известување за случувањата на Комисијата, гласањето во Комисијата во однос на амандманите од 1 до 161 и за останатите амандмани од 161 до 1225 дека било прочитано писменото произнесување на Владата на РМ.[9] Вториот е потпишан од претседателката на Комисијата и, известува дека Комисијата ги разгледала амандманите од 1 до 137, а за останатите амандмани до 1225 поради попречувањата од опозициските пратеници и немање услови за работа, биле прочитани писмените произнесувања на Владата.[10] Овие извештаи претседателот на Собранието ги доставува до Владата, која на 23 декември го усвои дополнетиот Буџет и го достави до Собранието на гласање.[11]

На 24 декември 2012 година, Буџетот беше ставен на дневен ред за гласање во Собранието на Република Македонија и пратениците на опозицијата започнаа да ја попречуваат работата на Собранието. По серијата инциденти, собраниското обезбедување ги отстрани пратениците на опозицискиот „Сојуз за иднината" од Собранието. По ова, Буџетот беше изгласан од страна на парламентарното мнозинство, а опозицијата од „Сојузот на иднината" започна бојкот на Собранието, редовни протести и повика на предвремени парламентарни избори.

3 Закон *за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.* Службен весник на Р Македонија бр.55/04 од 16.08.2004; *Закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.* Службен весник на Р. Македонија бр.98/08 од 04.08.2008

4 Митевска, М. *„Реален или предизборен буџет?",* Радио Слободна Европа, 19 ноември 2012.

5 *„ДУИ да го блокира носењето на неалбанскиот буџет",* Капитал, 20 декември 2012; и И.М. , „Буџет 2013: за ВМРО е развоен, за СДСМ е предизборен, за НДП е етнички!". Фактор, 19.11.2012.

6 Според Закон за буџетите, Службен весник на Република Македонија бр.64, 03.08 2005,буџетот на Република Македонија треба да се донесе до 31 декември во тековната година. Доколку тоа не се случи, овој рок се продолжувадо 31 март следната година, период во кој врз база на одобрение на Министерството за финансии, може да се користат средства во износ од една третина од она што изнесувале расходите во првиот квартал од претходната година.

7 *Деловник на Собранието на Република Македонија,* Службен весник на Република Македонија 130/2010

8 *„Тензична атмосфера во законодавно-правната комисија".* 24 Вести, 22.12.2012.

9 Собрание на Република Македонија. *Извештај од седница бр.43 на Комисија за финансирање и буџет одржана на 22.12.2012.*

10 Собрание на Република Македонија. *Извештај од седница бр.70 на Законодавно-правна комисија одржана на 22.12.2012.*

11 *Буџетот е усвоен и доставен до Собранието",* Сител, 23 декември 2012.

НДП, која има двајца пратеници, по овој настан исто така, кратко време го бојкотираше Собранието, така што ДПА беше единствена партија од опозиција којашто учествуваше во парламентарната работа.[12] Во текот на истиот ден, новинарите задолжени за известување од Собранието на РМ, беа отстранети од галеријата од каде ги следат собраниските случувања, за што имаше заедничка протестна реакција од страна на медиумиските организации во Македонија.[13]

Македонија е земја кандидат за ЕУ од 17 декември 2005 година, но сé уште нема започнато преговори за членство во Европската унија. Извештаите за напредокот кои ги подготвува Европската комисија, четири години по ред препорачуваат почеток на преговорите, но за тоа нема согласност од Европскиот совет, поради што датум за почеток на преговорите сé уште не е доделен. Клучен проблем за започнување на преговорите е спорот за името кој Република Македонија го има со Република Грција. Во отсуство на почеток на пристапни преговори со ЕУ се воспостави механизам Пристапен дијалог на високо ниво кој се фокусира на конкретни реформи во клучните приоритетни области. Претставниците на Европската унија, како и на други меѓународни фактори, исто така, се вклучија во обидите и во неколку наврати доаѓаа во Македонија и разговараа со политичките лидери во насока на воспоставување на дијалог помеѓу власта и опозицијата со цел решавање на актуелната политичка криза. Кризата се продлабочи кога до истекот на рокот за поднесување на кандидатури за локалните избори, 16 февруари 2013 година, опозициската коалиција предводена од СДСМ не номинира свои кандидати со што се реализира претходно најавуваниот бојкот на изборите. На 26 февруари 2013 година, Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата, пристапи кон промена на Изборниот законик по итна постапка со која се продолжи периодот за поднесување листи на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалници од страна на сите субјекти кои го пропуштиле законски предвидениот рок.[14] Со оваа измена рокот за поднесување на кандидатски листи беше продолжен до 3 март 2013. На 1 март 2013 година европска делегација на чело со комесарот за проширување и соседска политика во Европската комисија Штефан Филе, пратеникот во Европскиот парламент и известувач за Република Македонија Ричард Ховит и пратеникот во Европскиот парламент од Европската народна партија Јиржи Бузек во соработка со претседателот на Република Македонија д-р Ѓорѓе Иванов го имаа својот последен и успешен обид да постигнат договор помеѓу двете најголеми политички партии во Македонија. Со посредство на овие високи претставници на Европската унија беше постигнат договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ како резултат на кој СДСМ се согласи да учестува на локалните избори. Во рамките на овие разговори двете партии се согласиле:

"да се поддржат стратешките приоритети на државата:

преку меѓупартиски Меморандум на Разбирање (или парламентарна резолуција) со кој се потврдува поддршката на агендата за Евроатланска интеграција, и да се даде заложба за воздржување од дејства што ја поткопуваат оваа цел.

Повторно да се воспостави нормалниот политички живот:

Сите партии да се вратат во парламентот и да учествуваат на закажаните локални избори

Да се поддржат непосредни клучни реформски мерки, вклучително:

- подобрување на функционирањето на Парламентот, вклучително и иницијативата на Претседателот да свика ад хок Анкетна комисија (за да се разгледаат, меѓу другото, настаните од и пред 24 декември, вклучително и нивната уставност, безбедноста во и надвор од Парламентот, и ревизија на процедуралните правила на парламентот), чии резултати ќе

[12] Подоцна, во текот на јануари, пратениците на НДП го прекинаа бојкотот и се приклучија на Парламентот. *„НДП се врати во Парламентот".* Дневник, 23.01.2013.

[13] Здружение на новинарите на Македонија. *Заедничка изјава на медиумските организации за инцидентот во Собрание,* 27 декември 2012 година.

[14] Собрание на Република Македонија. *Предлог-закон за дополнување на Изборниот законик, по итна постапка (второ читање).* 26 февруари 2013

бидат одразени во Извештајот на Комисијата за постигнатиот напредок на есен 2013

- изборна реформа, по локалните избори, вклучително и во однос на регистерот на избирачи (на пример, ревизија на списокот по изборите) и останатите препораки на ОБСЕ/ОДИХР

- слобода на изразување, на пример, повторно воспоставување на дијалогот со новинарите, предводен од Здружението на новинари, како и други мерки за изградба на доверба.

за изборниот календар:

да се даде соодветно време за да се регистрираат списоците на кандидати за локалните избори

да се состане веднаш по локалните избори за да се дискутира внатрешната политичка ситуација, вклучително и наодите на Анкетната комисија за настаните од 24 декември, и да се продолжат дискусиите, во добра волја, за сите опции, и без предрасуди во дефинирањето на временската рамка за следните парламентарни избори, врз база на спроведувањето на препораките на ОБСЕ/ОДИХР, за да можат резултатите да бидат земени предвид во следниот Извештај на Комисијата за постигнатиот напредок.

ЕУ:

Да се закаже четвртиот состанок на ХЛАД со Европската комисија (март) во кој ќе се вклучени и Владата и Националниот совет за евроинтеграции

Европската комисија да го претстави својот Извештај, како што беше побарано од страна на Советот, до средина на април.

Европскиот парламент да закаже гласање за нејзиниот Извештај во позитивна и конструктивна рамка” [15]

[15] Заедничка изјава на Комесарот за проширување и добрососедска политика, Штефан Филе. Известувач на Европскиот парламент за поранешната југословенска Република Македонија, Ричард Ховит, и поранешниот претседател на Европскиот парламент, Јержи Бузек, во текот на нивната мисија во Скопје, 1 март, 2013. Пристапено на 11.03.2013:http://ec.europa.eu/commission_2010-2014/fule/head-lines/news/2013/03/20130301_en.htm

Како резултат на овој договор на 2 март 2013 година опозициските пратеници се вратија во Собранието, а Изборниот законик повторно беше изменет, односно рокот за поднесување на кандидатути беше продолжен до 8 март 2013 година[16] .

Учесници на изборите

На локалните избори, самостојно или во коалиција, како подносители на кандидатиски листи за градоначалници се јавуваат 15 политички партии, но ниедна не номинира кандидати за градоначалници во сите 81 единица на локалната самоуправа. Од поактивните парламентарни партии ВМРО-ДПМНЕ со својата коалиција има номинирано 68 кандидати за градоначалници од кои 5 се жени, коалицијата предводена од СДСМ има номинирано 67 кандидати за градоначалници, од кои 4 се жени. ДУИ има номинирано 23 кандидати за градоначалници од кои само една е жена, ДПА 27 кандидати за градончалници од кои, исто така, само една е жена, а НДП има номинирано 14 кандидати (еден во коалиција) за градоначалници, од кои ниедна не е жена. Од вкупно 341 кандидати за градоначалници, само 29 се жени (9.4%). За разлика од законската норма, која ги обврзува партиите секој трет кандидат на предложените листи за кандидати за советници да е од помалку застапениот пол, слична обврска не се наметнува за кандидатите за градоначалници. Сите учесници во изборите го имаат исполнето овој услов, земајќи в предвид дека доколку законските обрвски не се исполнат, изборната администрација ќе ја отфрли листата. Покрај овие партии, со кандидати за градоначалници на изборите настапуваат и мали политички партии како Демократска партија на Турците на Македонија (ДПТМ), Народно движење на Македонија (НДМ), Обединети демократски сили на Ромите (ОДСР), Партија за европска иднина (ПЕИ), Социјалдемократска партија (СДПМ), Социјалдемократска унија (СДУ), Сојуз на Ромите од Македонија (СРМ) и Српска напредна странка на Македонија (СНСМ). Исто така,

[16] Собрание на Република Македонија. *Предлог-закон за дополнување на Изборниот законик, по итна постапка.* 2 март 2013. Пристапено на 06.03.2013: < http://www.sobranie.mk/ext/materialdetails.aspx?Id=a8c87be7-1d6f-4c88-bcd9-6906b2bb4b32>

поднесени се 27 листи на кандидати за градоначалници поддржани од група избирачи. Исто така, поднесени се 84 листи на кандидати за советници од групи на избирачи.

ПОДГОТОВКИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013

Уште пред почетокот на изборната кампања, неколку партии започнаа да промовираат дел од своите кандидати за градоначалници и советници. СДСМ и коалицијата ги промовираше кандидатите за градоначалници на скопските општини и градот Скопје на 26 октомври 2012.[17] Пред одлуката за бојкот на локалните избори оваа коалиција промовираше 21 кандидат, по што сè до постигнувањето на политичкиот договор, не беа промовирани нови кандидати. Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ започна да ги промовира своите кандидати за градоначалници во декември 2012 година, некои од кандидатите на ДУИ беа промовирани во јавноста во јануари 2013 година, додека некои кандидати на ДПА за градоначалници беа утврдени уште во јули 2012 година. И покрај тоа што изборната кампања официјално започнува на 4 март 2013 година, партиите кои досега имаат промовирано кандидати, имаат започнато и со промотивни активности. Сите партии применуваат постепено објавување на имињата на кандидатите.

Во периодот од 26 јануари до 9 февруари **Избирачкиот список** беше ставен на јавен увид при што секој граѓанин можеше да ја провери состојбата на своите податоци. Избирачкиот список ги содржи сите полнолетни граѓани (над 18 години) со живеалиште на територијата на Република Македонија кои поседуваат биометриски лични исправи. Исто така, во Избирачкиот список се запишани државјаните на РМ кои се на престој, или привремена работа во странство, но поседуваат важечка патна исправа.

[17] *„СДСМ ги претстави кандидатите за градоначалници во главниот град".* Телма, 26 октомври 2012

Избирачкиот список долго беше цел на критики и забелешки од страна на ОБСЕ/ОДИХР, политичките партии и јавноста. Се критикуваше квалитетот и веродостојноста на Избирачкиот список, кој на предвремените парламентарни избори во 2011 година броеше 1 821 122 гласачи и се бараше негова ревизија. Во март 2012 година во рамките на Државната изборна комисија беше конституирана Работна група за проверка на Избирачкиот список, која имаше за цел да го ажурира истиот во однос на починатите лица, лицата – државјани на РМ кои живееат во странство и лицата кои поседуваат важечки лични документи. Покрај членови на ДИК, Работната група ја сочинуваат претставници на државните институции, најголемите политички партии и, меѓународните и домашните организации. Работната група утврди дека Избирачкиот список на граѓани коишто поседуваат важечки лични документи, заклучно со 24 февруари 2013 година, го сочинуваат 1 743 403 граѓани, односно 77 719 граѓани помалку отколку во 2011 година.[18] Преку националната државна телевизија, ДИК спроведе кампања со која ги информираше граѓаните кои немаат издадено важечки лични документи дека без истите нема да можат да гласаат.

Исто така, со цел да се вметнат препораките на ОБСЕ во Изборниот законик, во април 2012 година под координација на Министерството за правда беше формирана Работна група за измена на Изборното законодавство, поточно Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии. Работната група, која ја сочинуваат претставници на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за европски прашања, Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупција, Државниот завод за ревизија, Советот за радиодифузија, Делегација на Европската Унија, Амбасадата на САД, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Граѓанската асоцијација „МОСТ", парламентарните групи, СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ,

[18] Државна изборна комисија. *Информација во врска со заклучување на Избирачкиот список.* Пристапено на 25 февруари 2013. <http://www.sec.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=92>

ДУИ, НДП и ПЕИ/Санџачка лига, и еден домашен експерт Гордана Силјановска-Давкова, подготви измени на овие два закона коишто беа усвоени во ноември 2012 година. Измените опфатија дел, но не и сите 28 препораки на Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР од 2011 година.[19] Пред сè, измените воведоа одредби во насока на ограничување на актуелните функционери од можностите што им се на располагање кога се на извршни функции,[20] прецизирање на некои одредби кои беа двосмислени, механизми со кои се зголемува санкционирањето и контролата на финансирањето на изборната кампања, јасни рокови во однос на приговорите и жалбите, регулирање на гласачкото право на лицата со посебни потреби и оние кои издржуваат мерка куќен притвор и, усогласување со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Освен тоа, Законот за финансирање на политичките партии беше изменет, така што воведе задолжителна обврска за политичките партии да го објавуваат регистарот на донации на својата веб локација до 30 април секоја година, воведе суспензија на средствата кои на партијата и се доделуваат од Буџетот на РМ, доколку во редовен рок не достави Извештај до Државниот завод за ревизија (ДЗР), зголемена улога на ДЗР во овој систем на контрола, како и губење на редовното финансирање во рок од три месеци доколку партијата не го објави Извештајот.

Овие измени беа донесени без присуство на опозицијата, која го бојкотираше гласањето, поради незадоволството што нејзините предлози не беа инкорпорирани.[21]

Во продолжение се претставени сите 28 препораки кои ОБСЕ/ОДИХР ги дава по изборите во 2011 година со објаснување дали се имплементирани во Изборниот законик.

[19] OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights, T*he former Yugoslav Republic of Macedonia Early Parliamentary Elections 5 June 2011. OSCE/OIDHR Election Observation Mission Final Report. Warsaw,* October 2011

[20] Подетално објаснето во делот *за Ограничувања за актуелните функционери*

[21] Фиданоски, З. *„Изборниот законик донесен без опозицијата".* ТВ Алфа, 9 ноември 2012.

А. ПРИОРИТЕТНИ ПРЕПОРАКИ [22]

1. Органите на власта треба да ја разгледаат можноста за развивање на механизми за заштита кои ќе осигурат доволно одвојување на државата од партијата, како што одредува став 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 г. Постојните законодавни механизми на заштита, како што е Членот 9 од Изборниот законик, треба да се толкуваат на начин со кој ќе се спречи инхерентниот конфликт на интерес кој се јавува меѓу извршните позиции на власта, за што е потребна независност, и позициите да се биде кандидат, кои се стремат кон остварување политичка полза. Ваквите одредби исто така можат да бидат надополнети и да вклучуваат извршни механизми.

- Делумно исполнето. Членот 8 од Изборниот законик е дополнет и прецизира дека вршители на политичка функција (член на Влада, заменик-министер, пратеник, член на совет, градоначалник) од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати за избори својата функција ја извршуваат технички и преземаат само неопходни активности. Понатаму се дефинира што се неопходни активности кои не можат да се вршат, но не се дефинира терминот технички. Исто така, не се предвидуваат санкции за прекршителите. Членот 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година дефинира „јасно одвојување на државата од политичките партии; особено, политичките партии нема да бидат споени со државата" за што ќе бидат неопходни дополнителни мерки.

2. Треба да се разгледа можноста за справување со сите недостатоци и сета двосмисленост на Изборниот законик кои беа идентификувани во текот на изборниот процес, вклучувајќи ги оние кои посебно се споменати во овие препораки. За таа цел, треба да се спроведе сеопфатен процес на консултации, доволно време однапред, пред одржување на следните изборите.

[22] OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights, *The former Yugoslav Republic of Macedonia Early Parliamentary Elections 5 June 2011. OSCE/OIDHR Election Observation Mission Final Report. Warsaw,* October 2011,20-23.

- Започнато, но не завршено.

3. Пред подолго време веќе требаше да се изврши целосна ревизија и исправка на избирачкиот список. Ова треба да се стори по спроведување на пописот во октомври 2011 г. Ревизијата и исправката треба да се фокусираат на ставките во списокот кои се однесуваат на починатите лица и граѓаните кои престојуваат во странство.

- Исполнето.

4. Обвинувањата за заплашување на избирачите треба, во најкус можен рок, целосно и ефективно, да бидат истражени од органите на власта, а оние кои ќе бидат најдени дека се одговорни за тоа, да бидат обвинети. Граѓаните треба да бидат охрабрени да ги пријавуваат такви обвинувања со поднесување докази кои можат да бидат верификувани.

- Не е исполнето.

5. Треба да се преземат чекори за разрешување на конфликтите на интерес во врска со контролата врз приватните радиодифузери од страна на лица кои се вклучени во политиката. Ваквата пракса е спротивна на законот и го поткопува избалансираното политичко известување во текот на изборната кампања.

- Во 2012 година Советот за радиодифузија пристапи кон имплементација на членот 11 од Законот за радиодифузна дејност, според кој, носители на јавни функции и членови на нивните семејства да имаат удел во сопственоста или основање на радиодифизен субјект. Приватните радиодифузери имаа рок до 30 септември 2012 година да ја усогласат сопственичката структура. Како резултат на оваа мерка пратеникот Љубисав Иванов-Синго, чиј син беше сопственик на телевизија Сител поднесе оставка од пратеничката функција,[23] а телевизијата Канал 5 која беше во сопственост на синот на пратеникот Борислав Стојменов беше продадена.[24] Дополнителни истражувања и мониторинг се неопходни, за да се утврди дали „лица кои се вклучени во политиката" вршат контрола врз приватните радиодифузери.

6. Треба да се воведат пократки рокови за донесување на судските одлуки по приговорите поднесени од страна на Советот за радиодифузија, против радиодифузерите, во текот на изборната кампања и предизборниот период. Со ова ќе се осигури можноста Советот за радиодифузија навремено да ги спроведува прописите и ќе им даде можност на радиодифузерите брзо и ефикасно да обезбедат правен лек во случаи кога им се повредени правата.

- Исполнето.

Б. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕПОРАКИ

Законска рамка

7. Органите на власта треба да го ревидираат постојниот систем на распределба на мандатите во изборните единици надвор од земјата, за да обезбедат сигурност дека потребните гласови од дијаспората за избор на пратеници во Собранието, нема значително да го потценуваат еднаквото избирачко право, што е гарантирано со Устав и со Изборниот законик.

- Не е исполнето.

8. Треба да се осигури избирачкото право на членовите на Избирачките одбори во странство и оние граѓани кои се евидентирани дека престојуваат во странство помалку од три месеци.

- Не е исполнето.

[23] Казиовска, С. "По 'Сител', и 'Канал 5' бара чаре". Дневник, 25 септември 2012

[24] "Канал 5 продадена на Вања Гавриловски - близок човек на Стојменов?", Буквар, портал, 28 септември 2012

9. Изборниот законик треба јасно да одредува дека избирачките права на осудените лица на казна затвор во траење од повеќе од шест месеци, повторно им се доделуваат откако ќе ја издржат таквата казна.

- Не е исполнето.

Изборна администрација

10. Голема придобивка за успешно спроведување на идните избори може да се постигне преку донесување навремени и сеопфатни прописи кои ќе даваат насоки за изборниот процес и ќе ги компензираат недостатоците или недоследностите на Изборниот законик.

- Делумно исполнето. Државната изборна комисија има донесено неколку упатства со кои се даваат насоки во врска со изборниот процес, но сè уште остануваат нејаснотии од Изборниот законик.

11. За да се подобри транспарентноста, записниците од седниците на ДИК може да бидат достапни до јавноста.

- Исполнето. Воведено е како законска обврска и се применува од страна на ДИК. (член 43-б)

Запишување на избирачите

12. Информациите кои ги опишуваат постапките за запишување во избирачкиот список на граѓаните кои престојуваат во странство, треба да се објавуваат во земјите во странство, доволно време однапред, пред одржување на следните избори.

- Не е исполнето.

Изборна кампања

13. Прописите за изборната кампања треба целосно да се почитуваат и извршуваат. Органите на власта можат да ја разгледаат можноста за изменување на оние прописи за кои повеќето партии сметаат дека се премногу рестриктивни, како оние за ограничување на периодот на изборната кампања, оние кои ги одредуваат активностите на изборната кампања и оние кои го одредуваат истакнувањето на плакати.

- Не е исполнето.

14. Кампањите за едукација на избирачите, без разлика дали ги спроведуваат органите на власта, граѓанските организации или политичките партии, треба да се фокусираат на тајноста на гласањето, што претставува главна алатка за борба против заплашувањето или користењето притисок за да се влијае врз слободата на изборот на гласачот. Избирачите треба да се охрабруваат да тие да настојуваат да им се почитува тајноста на гласот.

- Препораката се однесува за време на изборната кампања.

Финансирање на изборната кампања

15. Одредбите за финансиското известување за изборната кампања треба да се прошират за да одредуваат поделотворни механизми за ревизија.

- Не е исполнето.

Исто така треба да се разгледа можноста за усвојување подетален образец за финансиското известување со што ќе им биде наложено на организаторите на изборни кампањи да ги објавуваат трошоците според посебни ставки.

- Не е исполнето. Нов подетален образец за финансиски извештаи за приходите и расходите за изборната кампања, по оној кој е усвоен во 2011 година, не е донесен.[25]

[25] Министерство за финансии 25 мај 2011. Образец „Финансиски извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборната кампања". Пристапено на 25.02.20113 http://www.finance.gov.mk/node/1961

16. Треба да се воведат рокови за ревизија на финансиските извештаи пред денот на изборите.

- Не е исполнето.

Надлежните институции треба да ги засилат своите ресурси за да овозможат прецизна и навремена ревизија на финансиските извештаи.

- Не е исполнето.

17. Разликите во видот на максималните износи на донациите за изборната кампања за поединци и правни лица, треба да се измени. Постојните одредби се дискриминаторски и неправедно им даваат предност на покрупните субјекти.

- Не е исполнето.

Медиуми

18. При назначување на членови на Советот за радиодифузија, треба да се даде приоритет на професионализмот и непристрасноста на кандидатите за членови, наместо политичката поврзаност на таквите членови. Ова е особено значајно откако со измените на Законот за радиодифузна дејност донесени на 18 јули, бројот на членовите на ова тело се зголеми од 9 на 15.

- Треба дополнително да се мониторира работата на Советот за радиодифузија.

19. Со цел да ја задржи својата значителна независност, на Советот за радиодифузија му треба наменска и соодветна финансиска поддршка.

- Не е исполнето

20. Можат да се вклучат детални правила за преставувањата на изборната кампања во медиумите во Законот за радиодифузна дејност и Изборниот законик, наместо истите да се донесуваат за секои избори посебно.

- Не е исполнето.

21. Независноста на јавниот радиодифузер може да се зацврсти ако се осигури негово соодветно финансирање.

- Не е исполнето.

Учество на жените

22. Органите на власта треба да посветат поголемо внимание на праксата на семејно гласање, која е особено присутна кај помалите етнички заедници. Органите на власта треба да ги истражат начините за елиминирање на оваа пракса и да настојуваат на доследно спроведување на Член 112 од Изборниот законик.

- Неопходно е да се мониторира на денот на изборите.

Набљудување на изборите

23. Изборниот законик или изборните прописи треба јасно да одредуваат дека домашните и меѓународните набљудувачи имаат право да добијат копии од сите записници од резултатите од Избирачките одбори и Општинските изборни комисии, наместо само копии од делот кој се однесува на сумираните резултати.

- Исполнето. Внесена е измената во член 118, 126 и 131.

24. ДИК и Општинските изборни комисии треба да ја осигурат примената на условот за јавно истакнување на копиите од записниците од резултатите, во Избирачките одбори, веднаш по завршување на пребројувањето на гласовите.

- Треба да се мониторира на денот на изборите.

Приговори и жалби

25. Постапките за приговори и жалби треба да се поедностават и да се објават насекаде. ДИК треба да усвои детални постапки за начинот на

поднесување и одлучување по приговорите за да осигури доследно и делотворно применување на Изборниот законик.

- Не е исполнето.

26. Треба да се разгледа можноста за бришење на ограничувањето од Член 73 од Изборниот законик што им ги ограничува правата на изборните кандидати да можат да приговараат единствено на дејства преземени од страна на изборни кандидати.

- Не е исполнето.

27. Член 31(2)(35) од Изборниот законик, кој ја овластува ДИК да врши увид во изборниот материјал по доставен приговор, но ако има најмалку два такви приговори за соодветното избирачко место, треба да се избрише бидејќи го поткопува правото на делотворен правен лек. Не треба да постои услов за бројот на поднесени приговори пред истите да бидат разгледани.

- Не е исполнето.

28. Член 105 од Изборниот законик треба да биде појаснет со цел јасно да одредува дали постои или не постои услов, при поднесување приговор до ДИК на денот на изборите, таквиот приговор прво да биде забележан во записникот на соодветниот ИО или соодветната ОИК.

- Не е исполнето.

Имајќи предвид дека измените на изборното законодавство не ги опфатија сите проблематични сфери, Работната група при Министерството за правда ќе продожи со работа по останатите препораки.

ИСТОРИЈАТ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА

Првите локални избори во независна Република Македонија се одржаа **во 1996 година**, при што просечниот одзив на гласачите за избор на советници за општините беше 60.17%, а за градот Скопје 53.20%. Просечниот одзив на гласачите за избор на градоначалник 60.28%, а за градот Скопје 53.20%. При овие избори се случија поништувања на гласањето во одредени општини, така што овие податоци не ги вклучуваат резултатите од избор на градоначалници или членови на совет во вкупно 9 општини. Овие локални избори се одржаа според територијалната организација од 1996, според која беа формирани 123 општини и градот Скопје како посебна единица.[26] Притоа, СДСМ освои најголем број градоначалнички места 51, ВМРО-ДПМНЕ и МААК-конзервативна 27, а Социјалистичката партија 19.[27] На овие избори право на глас имале 1 495 288 избирачи.

На **локалните избори во 2000 година** беа забележани значителен број на прекршувања на изборниот процес и на меѓународните стандарди за слободни и демократски избори. На изборите беа забележани голем број на инциденти, насилство и заплашувања на гласачите. Во неколку општини: Гостивар, Тетово, Лабуништа, Џепчиште и Маврови анови, изборите биле проследени со вооружени инциденти. На некои избирачки места во други општини гласачките кутии биле насилно отворени и уништени. Насилството се повтори на различни места и во вториот круг на гласање. Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР регистрирала групно гласање во 25% од местата кои ги набљудувала, на 8% забележала отворено гласање и во 5% гласање во име на друг. По овие избори, ДИК немала објавено целосни и сеопфатни резултати за изборите. Во првиот круг, коалицијата „За Македонија Заедно", предводена од СДСМ, освојува 38% од гласовите за градоначалници, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Демократска алтернатива (ДА) 27%,

[26] *Закон за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.* Службен Весник на РМ, 49/1996 од 14.09.1996

[27] МОСТ Граѓанска асоцијација. *Финален извештај, Домашно набљудување на Претседателски и локални избори 2009.* Скопје, 2009

ДПА 13%, а ПДП 6%.[28] Финалните резултати покажаа победа за коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Демократска алтернатива, „За промени" во 48% од општините, односно тие освојуваат 59 градоначалнички места , а коалицијата предводена од СДСМ „За Македонија заедно" освојува 32 градоначалнички места.[29] На овие избори право на глас имале 1 634 859 избирачи.

Локалните избори во 2005 година повторно не ги исполнија клучните меѓународни стандарди за универзалност, еднаквост и тајност на правото на глас. За разлика од претходните, овие избори не ги одбележа насилство, но беа забележани голем број неправилности во западниот, северозападниот дел на земјата и во Скопје. Воедно, изборите од 2005 година се првите кои се спроведени според територијалната организација од 2004 година која воспостави 84 општини на територијата на Македонија и го задржа статусот на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.[30] Од страна на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР биле забележани 30 случаи на полнење на гласачки кутии и над 50 случаи на гласање во име на друг. Во 9 општини, меѓу кои и Градот Скопје, како резултат на жалби кои се однесуваат на неправилности во првиот круг на гласање, истиот морал да биде повторен. Во овие места, исто така, требало да се спроведе втор круг на гласање, што резултира со задоцнет втор круг, кој се одржува на 10 април 2005 година. Одсивот на гласачите на првиот круг бил 56.36%, на вториот круг на 27 март бил 53.66%, а на 10 април бил 35.6%. На овие избори победи коалицијата предводена од СДСМ која доби 36 градоначалнички места. ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата освои 21 градоначалнички места, ДУИ 15, ВМРО-НП 3, ДПА 2 и Сојузот на Ромите 1. Градоначалници станаа 7 независни кандидати, меѓу кои и кандидатот за Скопје Трифун Костовски, кој беше поддржан од ВМРО-ДПМНЕ.[31] На овие избори право на глас имале 1 711 293 избирачи.

[28] OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights. *Former Yugoslav Republic of Macedonia Municipal Elections 10 September 2000. OSCE/OIDHR Election Observation Mission Final Report.* Warsaw, 2000

[29] МОСТ Граѓанска асоцијација. *Финален извештај, Домашно набљудување на Претседателски и локални избори 2009.* Скопје, 2009

[30] *Закон за територијална организација на локалната самоуправа.* Службен Весник на РМ 55/2004 од 16.08.2004

[31] МОСТ *Граѓанска асоцијација. Финален извештај, Домашно набљудување на Претседателски и локални избори 2009.* Скопје, 2009

Локалните избори во 2009 година, кои се одржаа во ист ден со претседателските избори, се првите локални избори кои се одржуваат во генерална согласност со меѓународните и стандардите на ОБСЕ за демократски избори. Но, и за овие избори Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР има големи забелешки за заплашување на гласачите. Набљудувачкиот извештај укажува на заплашувања и притисоци кон гласачите, особено врз вработените во јавната администрација и корисници на социјална помош, кои биле под закана да гласаат за владејачката партија.[32] И во 2009 година забележано е семејно гласање, гласање во име на друг (во 3% од случаите), едно исто лице да „помага" на повеќе гласачи (4%), обид да се влијае на гласачите (4%), заплашување на гласачите и членови на избирачките одбори (ИО) (1%), идентични потписи во изводите од Избирачкиот список (2%) и повеќекратно гласање (1%).[33] ВМРО-ДПМНЕ беше победник во 56 општини, ДУИ во 15, СДСМ во 7, а ДПА, НД, ДПТМ, СР, ПДСМ освоија по еден градоначалник. Двајца независни кандидати, исто така, освоија градоначалнички места. На овие избори право на глас имале 1 792 082 избирачи.

Во овој контекст, приоритетните препораки од 2009 година, кои се повторуваат во извештајот за предвремените парламентарни избори во 2011 година, бараат од власта да преземе мерки и да се справи со притисоците и заплашувањата на гласачите. Покрај ова, извештајот на ОДИХР/ОБСЕ даде уште пет други приоритетни препораки: да се одвои државата од партијата; да се поправат сите недостатоци и двосмисленості во Изборниот законик; ревизија и поправка на Избирачкиот список; да се преземат мерки со кои би се разрешиле конфликтите на интереси помеѓу лица кои се вклучени во политиката, а вршат контрола врз приватните радиодифузери и, воведување на рокови во кои Судот би ги донел одлуките во однос на приговорите на Советот за радиодифузија. И во двата извештаи ОБСЕ/ОДИХР повикува на ревизија на Избирачкиот список, што е една од препораките кои беа исполнети. Европската Унија смета дека Република Македонија

[32] OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights, *The former Yugoslav Republic of Macedonia Presidential and Municipal Elections 22 March and 5 April 2009. OSCE/OIDHR Election Observation Mission Final Report. Warsaw,* June 2009

[33] Ibid.

има постигнато напредок во спроведувањето избори и ги повторува заклучоците и препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Тогашниот амбасадор на САД, Филип Рикер ги оцени изборите како добро спроведени.[34]

Табела 1: Одзив на локалните избори од 1996 до 2009 година,[35] за прв и втор круг[36]

Година	**1996**	**2000**	**2005**	**2009**
Одзив	60%(51%)	59% (53%)	56%(53%)	57% (43%)

[34] Popovski, R. *Interview with Philip T. Reeker, U.S. Ambassador to the Republic of Macedonia.* X/0 talks show, Kanal 5 TV. 8 јуни 2011.

[35] OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights, *Former Yugoslav Republic of Macedonia Municipal Elections* 10 September 2000. OSCE/OIDHR *Election Observation Mission Final Report.* Warsaw, 2000; OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights, *The former Yugoslav Republic of Macedonia, Municipal Elections 13 and 27 March, and 10 April 2005.* OSCE/OIDHR *Election Observation Mission Final Report.* Warsaw, June 8, 2005; OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights, *The former Yugoslav Republic of Macedonia Presidential and Municipal Elections 22 March and 5 April 2009.* OSCE/OIDHR *Election Observation Mission Final Report.* Warsaw, June 2009

[36] Првиот процент се однесува на одзивот во прв круг, а вториот на одзивот во втор круг. Процентите се заокружени.

МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ[37]

ИЗБОРЕН МОДЕЛ

Во Република Македонија, изборите за **градоначалници** во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) се вршат по мнозинскиот изборен модел, а изборите за **членови на советите во единиците на локалната самоуправа** по пропорционален модел. Изборите за градоначалници и членови на советите се одржуваат **секоја четврта година**, истовремено во сите општини, во втората половина на месец март. Претседателот на Собранието ги распишува изборите со соодветен акт кој се објавува во Службениот весник на Република на Македонија, при што од денот на распишување на изборите, до одржување на изборите, не може да поминат повеќе од 90, а помалку од 70 дена.

Изборот на градоначалник во единиците на локалната самоуправа се врши по **мнозинскиот изборен модел**. За градоначалник е избран кандидадот кој освоил мнозинство гласови во првиот круг на гласање, доколку на изборите излегле барем една третина избирачи запишани во Избирачкиот список на соодветната единица на локална самоуправа. Доколку ниту еден од кандидатите не го исполнил потребниот услов, изборите се повторуваат во втор круг за оние двајца кандидати кои освоиле најголем број гласови. Ако на изборите учествува само еден кандидат, а притоа тој не го освои потребното мнозинство, изборната постапка се повторува. Вториот

[37] Според *Изборниот законик (пречистен текст)*. Службен весник на Република Македонија бр. 54 од 14.04.2011 и *Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик.* Службен Весник на Република Македонија, бр. 142 од 13.11.2012

круг на гласање се спроведува 14 дена по завршувањето на првиот. Во вториот круг е избран оној кандидат кој добил поголем број на гласови.

При **изборот на советници** во ЕЛС се употребува **пропорционалниот модел**, при што распределбата на мандатите се врши по Д'Хондт-овата формула. Според формулата, вкупниот број на гласови добиени за предложените кандидатски листи се дели со низот на делители 1,2,3... сè до бројот на членовите на советот кои се избираат во конкретната ЕЛС. Вака добиените количници се редат по големина, при што предвид се земаат оние најголеми количници колку што се избираат членови во советот. Една листа на кандидати добива онолку членови во советот колку што има најголеми количници од оние кои се земени предвид.

ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ

Органи кои ги спроведуваат изборите се: Државната изборна комисија (ДИК), општинските изборни комисии (ОИК) и Изборната комисија на градот Скопје, избирачките одбори, како и избирачките одбори во дипломатско конзуларните претставништва. ДИК е главното тело одговорно за спроведување на изборите. Општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје се одговорни за определени единици на локалната самоуправа, а избирачките одбори се одговорни за спроведување на изборите во избирачките места. Составот на ДИК (претседател, потпретседател и пет члена) се избира од страна на Собранието, 60 дена по конститутивната седница на Собранието за мандатен период од четири години. Изборниот законик предвидува изборот на членовите на ДИК да се врши по предлог на политичките партии, при што опозиционите партии го предлагаат претседателот и два члена, а партиите на власт го предлагаат потпретседателот и три члена. Доколку политичките партии не поднесат свој предлог до Собранието за претседател, потпретседател и членови на ДИК, предлог поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието. Партиите имаат рок од три дена по известувањето на Претседателот на Собранието да ги поднесат своите предлози.

ДИК е одговорна за **водење на Избрачкиот список** во кој се запишуваат сите граѓани со наполнети 18 години кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија, вклучувајќи ги и оние кои се на привремен престој во странство, а кои имаат важечка лична карта или патна исправа. Во Избирачкиот список не се запишуваат оние граѓани кои имаат изгубено деловна способност со правосилна судска пресуда.

Општинските изборни комисии, составени од претседател и четири члена (како и нивните заменици), се избираат по случаен избор од редот на вработените во државната и општинската администрација кои имаат завршено високо образование. Нивниот мандат е 5 години, а изборот го врши ДИК. Составот на **избирачките одбори** претставува комбинација од вработените во државната, јавната и општинската администрација (претседателот, неговиот заменик, двајца членови и нивните заменици) како и претставници на политичките партии. По еден член и неговиот заменик доаѓа како предлог на партиите кои се во опозиција, а освоиле најмногу гласови на последните парламентари избори. Исто така, по еден член и неговиот заменик доаѓа како предлог на партиите кои ја освоиле власта на последните парламентарни избори. Мандатот на членовите на избирачките одбори е 4 години. Случајниот избор на членовите на избирачките одбори (од редот на администрацијата) го вршат ОИК и Изборната комисија на градот Скопје за подрачјето за кое се надлежни, по претходен акт на ДИК.

Во оние општини каде живеат најмалку 20% граѓани, припадници на немнозинските заедници, се применува принципот за соодветна и правична застапеност во составот на ОИК и на Избирачките одбори. Законот предвидува и застапеност од најмалку 30% на секој пол во составот на изборните органи.

Членови на ОИК и на избирачките одбори не можат да бидат избрани или наименувани функционери од Владата, Собранието и лица вработени во државната администрација на Народниот правобранител, министерствата за правда, одбрана, внатрешни работи, Секретаријатот за законодавство, Државниот завод за статистика, Центарот за управување со кризи, стручните служби на Управниот суд, ДИК и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

Изборните органи работат и одлучуваат доколку на седниците присуствуваат мнозинство од членовите. Во случај на отсуство на член на ОИК, Изборната комисија на Градот Скопје и Избирачкиот одбор, во работата учествуваат замениците на тие членови, исто така избрани од ДИК. Одлуките во сите изборни органи се носат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

ПРАВО ДА СЕ БИДЕ ИЗБРАН

Кандидат за градоначалник или член на совет може да биде лице кое навршило 18 години и има деловна способност. Лице кое е осудено со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци, чие издржување не е започнато, или се наоѓа на издржување на казна за сторено кривично дело, не може да биде кандидат за овие позиции. Покрај овие услови, кандидатот за градоначалник или член на совет мора да има постојано живеалиште во ЕЛС за која се кандидира.

Со *Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција* (познат како *Закон за лустрација*) во 2008 година воведен е дополнителен услов кон правото на избор. Беше стипулирано дека градоначалниците на општините и Градот Скопје, како и членовите на советите не можат да извршуваат таква функција, доколку се утврди дека се евидентирани во досиејата на државните органи како тајни соработници и информатори при прибирање на известувања и податоци со кои се кршени основните слободи и права на граѓаните од политички или идеолошки причини. Секој кандидат за градоначалник или советник го исполнува дополнителниот услов кога Комисијата за верификација на фактите ќе ја верификува неговата/нејзината писмена изјава за несоработка со органите за државната безбедност. Кандидатите поднесуваат писмена изјава за несоработка во исто време со поднесување на својата лична согласност за кандидатурата, а во случај на неподнесување, изборните органи постапуваат кон тој акт како кон неправилност во изборната постапка. Комисијата покренува постапка за верификација на изјавата на кандидатот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од приемот на изјавата. [38]

Само лицата кои го исполнуваат дополнителниот услов имаат право да бидат кандидати за градоначалници или советници.

ОГРАНИЧУВАЊА ЗА АКТУЕЛНИ ФУНКЦИОНЕРИ – КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ИЛИ СОВЕТНИЦИ

Со најновите измени на Изборниот законик од ноември 2012 година, членовите на Владата и замениците-министри, доколку бидат кандидирани за градоначалници или членови на советите (истото се однесува доколку се кандидати за претседател на Републиката или пратеник), се ограничени во спроведувањето на нивните активности во рамки на функциите кои ги имаат. Вршителот на ваква функција кој е кандидат не може да располага со буџетските средства на Републиката, јавните фондови на општините и градот Скопје, средствата на јавните претпријатија, установите и останатите правни лица кои располагаат со државен капитал, како и другите објекти кои вршат општествени дејности (градинки, училишта, спортски игралишта и сл.). Овие лица не можат да вршат вонредно исплаќање на плати, пензии, социјална

[38] *Закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција.* Службен весник на Република Македонија, бр. 14 од 29.01. 2008. Види ги членовите 2, 5, 9 и 12.

помош, други исплати од буџетски средства, или јавни фондови. Воедно, овие лица не можат да склучуваат договори за оттуѓување на државен капитал, ниту да потпишуваат колективни договори. Овие ограничувања се активираат од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори, сè до денот на завршување на изборите за градоначалници и советници, односно до конституирањето на советите на општините и градот Скопје.[39]

БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТИТЕ

Бројот на членовите на советот во секоја од единиците на локалната самоуправа се утврдува според бројот на населението кое живее во нивните рамки. Општините кои имаат до 5000 жители формираат совети составени од 9 членови, оние меѓу 5001 и 10000 – 11 членови, оние меѓу 10001 и 20000 – 15 членови, оние меѓу 20001 и 40000 – 19 членови, меѓу 40001 и 60000 – 23 членови, од 60001 и 80000 – 27 членови, меѓу 80001 и 100000 – 31 член и над 100000 – 33 членови.[40] Советот на Град Скопје го сочинуваат 45 членови.

ПРАВО И ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ КАНДИДАТУРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ЛИСТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

Право на поднесување кандидатски листи за советници и кандидат за градоначалник имаат регистрираните политичките партии, самостојно или во коалиции, како и групите избирачи. Во зависност од големината на ЕЛС, групите избирачи мора да соберат одреден број на потписи: од 100 потписи за ЕЛС до 10 000 жители, до најмалку 450 за ЕЛС над 100 001 жители, додека пак за кандидирање во градот Скопје потребни се 1 000 потписи.

[39] *Закон за изменување и дополнување на изборниот законик.* Член 2. Службен Весник на Република Македонија, бр. 142 од 13.11.2012

[40] *Закон за локална самоуправа.* Член 34. Службен весник на Република Македонија, бр. 5 од 29.01.2002

Во рамки на листата на кандидати за советници, на секое трето место мора да се номинира кандидат кој е припадник на оној пол кој е помалку застапен на листата.

Листата на кандидати за членови на совет и кандидат за градоначалник се поднесува на пропишан образец до ОИК, најдоцна 35 дена пред денот на одржување на изборите. ОИК ги огласува овие листи најдоцна 25 дена пред денот на одржување на изборите.

ИЗБОРНА КАМПАЊА

Изборната кампања започнува 20 дена пред одржувањето на изборите и може да трае до 24 часа пред почетокот на изборите. Изборната кампања не смее да се спроведува на денот на одржување на изборите.

Изборната кампања може да се финансира од членарината на политичките партии, како и од донации кои не смеат да надминуваат повеќе од 5000 евра за физички лица и 5% од вкупниот приход во претходната година за правни лица. Кампањата може да се финансира со пари, ствари и услуги. Изборните кампањи не можат да бидат финансирани од средства на јавни претпријатија и установи, средства на здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, средства од странски влади и меѓународни институции, како и средства од претпријатија со мешовит капитал каде доминира странскиот капитал, но и од неидентификувани извори.

Кампањите не можат директно да се финансираат од државниот буџет, ниту од буџетите на единиците на локалната самоуправа, но избраните кандидати за претседател, пратеници, градоначалник и советници имаат **право на надомест** од државниот буџет во висина од 15 денари од добиен глас ако освоиле барем 1,5% од излезените граѓани на централно ниво, локално ниво или во изборната единица.

Овие средства се исплаќаат најдоцна до три месеци по доставувањето на финансискиот извештај за изборната кампања кој се поднесува во рок од 15 дена по завршувањето на истата. Финансискиот извештај за изборната кампања се поднесува до ДИК, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието, а во случајот на локални избори и до советите на ЕЛС. ДИК, ДЗР и ДКСК се должни да склучат меморандум за соработка за размена на информации за утврдени неправилности во врска со доставените финансиски извештаи и мерките кои се спроведени кон субјектот под надзор.[41]

УЛОГАТА НА ЈАВНИТЕ ГЛАСИЛА

Медиумите имаат должност да овозможат **еднаков пристап кон претставувањето на изборните програми и кандидатите**. Советот за радиодифузија е задолжен да изготви *Правилник за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на кампањата и, Правилник за рамноправен пристап до медиумското претставување за време на кампањата.* Сите медиумски организации, електронски или печатени, должни се да ги почитуваат овие прописи. Советот за радиодифузија задолжен е да го следи изборното претставување во јавните гласила, а во случај на повреда на начелото на рамноправен пристап, должен е да покрене прекршочна постапка против одговорниот радиодифузер. Советот за радиодифузија исто така задолжен е да го следи однесувањето на **јавниот радиодифузен сервис**, кој овозможува **бесплатно претставување** на изборните програми, според начелото за рамноправност. Јавниот сервис, исто така, должен е без надоместок да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање, како и други прашања поврзани со изборниот процес.

[41] *Закон за изменување и дополнување на изборниот законик.* Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 13.11.2012

Резултати од испитување на јавно мислење поврзано со кандидатите не смее да се објавува преку јавните гласила во текот на последните 5 дена пред денот определен за одржување на изборите.

НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Право за набљудување на изборите имаат акредитирани набљудувачи, при што ДИК го издава овластувањето. Акредитација за набљудувачи можат да добијат домашни граѓански организации коишто се регистрирани барем една година пред одржувањето на изборите, а во својот статут го имаат вградено начелото за заштита на човековите права. Меѓународните организации и претставниците на странските земји исто така можат да ги набљудуваат изборите. Овластени претставници на подносителите на листите имаат право да определат нивен претставник кој ќе ја следи работата на изборните органи.

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И КОАЛИЦИИ

ВМРО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО (ВМРО-ДПМНЕ)

ВМРО-ДПМНЕ е партија која се декларира како народна партија десно од центарот, со идеолошка демохристијанска провиниенција. Формирана е на 17 јуни 1990, при што нејзината главна заложба во тој период е отцепување на Македонија од југословенската федерација со цел формирање самостојна и независна држава Македонија. Претседател на партијата од нејзиното основање, кога има 24 години, до партискиот конгрес во мај 2003 година е Љубчо Георгиевски. На првите повеќе партиски парламентарни избори кои се одржуваат на 11 ноември 1990 година, ВМРО-ДПМНЕ освојува најмногу гласови (24.24%), но не успева да обезбеди апсолутно мнозинство во Собранието.

Од осамостојувањето до денес, ВМРО-ДПМНЕ е една од двете најголеми партии меѓу етничкиот македонски електорат. Учествувала на речиси сите парламентарни и локални избори со исклучок на парламентарните избори во 1994 година, кога го бојкотира вториот круг. На третите парламентарни избори одржани во 1998 година со освоени 49 мандати во коалиција со Демократска алтернатива, која освојува 13 пратеници, и ПДПА-НДП (подоцна ДПА) со 11 и уште неколку мали партии, ВМРО-ДПМНЕ за првпат формира Влада. ВМРО-ДПМНЕ останува на власт до 2002 година, но за време на конфликтот од мај до ноември 2001 година, беше формирана Влада на широка коалиција, која вклучи и министри од СДСМ и ЛДП.

Во 2002 година, ВМРО-ДПМНЕ освојува 33 пратенички мандати, ги губи изборите и функционира како опозиција сè до 2006 година. Во 2003 година на партискиот конгрес долгогодишниот претседател на партијата Љубчо Георгиевски дава оставка, а на негово место доаѓа Никола Груевски. Следната година, голем дел од претходното раководство на чело со поранешниот претседател Љубчо Георгиевски ја напушта партијата, со што доаѓа и до големи промени во партиското раководство. На парламентарните избори во 2006 година, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ со неколку помали партии освојува 45 пратенички места и формира Влада во коалиција со Нова социјалдемократска партија (НСДП) и ДПА. На овие избори партијата за првпат настапи со конкретна програма и конкретни рокови, што беше новина во изборните натпреварувања. На предвремените парламентарни избори во 2008 година ВМРО-ДПМНЕ освојувајќи 63 мандати ја извојува својата најголемата изборна победа. На следните предвремени парламентарни избори во 2011 година ВМРО-ДПМНЕ повторно победува со 53 мандати и уште 3 мандати од дијаспората кои се воведуваат токму од овие избори. За време на целиот овој период од 2006 наваму претседател на владите на ВМРО-ДПМНЕ е лидерот на партијата Никола Груевски.
На првите локални избори во 1996 година, ВМРО-ДПМНЕ заедно со МААК-конзервативна, освојува 27 општини. На следните локални избори во 2000 година освојува 59 градоначалнички места, но во 2005 губи 37 од нив, односно заедно со коалициските партнери и подршка на независен кандидат за Скопје освојува 22 градоначалнички места. На наредните локални избори одржани во 2009 година освојувајќи 56 градоначалнички места убедливо се враќа на власт на локално ниво. Со исходот од локалните избори во 2009 година ВМРО-ДПМНЕ се наметнува како доминантна партија на власт на национално и на локално ниво.

ВМРО-ДПМНЕ
ул. Македонија 17а
1000 Скопје
Тел: 3215 550
Факс: 3215 551, 3290 663
contact@vmro-dpmne.org.mk
www.vmro-dpmne.org.mk

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА (СДСМ)

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија се декларира како партија лево од центарот, со социјалдемократска идеолошка провиниенција. Таа, по големина е втората партија во Македонија. Основана е на конгресот на 21 април 1991 како правен наследник на Сојузот на комунистите на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП). За нејзин претседател на истиот конгрес, на 28 годишна возраст, е избран Бранко Црвенковски, кој ја води партијата до неговиот избор за претседател на Република Македонија во мај 2004 година. Денес, Бранко Црвенковски повторно е претседател на партијата.

На првите повеќе партиски избори во ноември 1990 година СДСМ, под тогашното име СКМ-ПДП, освои 24.08% од гласовите. Во септември 1992 година, по распуштањето на првата експертска Влада, СДСМ добива мандат да ја формира првата политичка влада на Република Македонија на чело со нејзиниот претседател Бранко Црвенковски. На парламентарните избори во 1994 година заедно со своите коалициски партнери, освои 85 пратенички места и формира Влада чиј претседател повторно беше Бранко Црвенковски. На парламентарните избори во 1998 година СДСМ освои 27 пратенички места и ја губи власта, но станува најголемата опозициска партија во периодот до 2002 година. Во периодот од мај до ноември 2001 година СДСМ станува дел од Владата на широка коалиција. На редовните парламентарни избори во 2002 година СДСМ освои 60 пратенички места со што повторно формираше Влада на чело со Бранко Црвенковски. По изборот на Бранко Црвенковски за претседател на Република Македонија во 2004 година, претседател на Владата станува Хари Костов, кој претходно ја врши функцијата министер за внатрешни работи. По неговата оставка во ноември 2004 година за претседател на СДСМ

е избран Владо Бучковски, со што му се доверува и мандатот за формирање на Влада. На изборите во 2006 година, коалицијата на СДСМ со помалите политички партии освои 32 пратенички места, ја губи власта и повторно се враќа во опозиција. Во период од ноември 2008 година до септември 2008 година претседателка на СДСМ е Радмила Шеќеринска. На предвремените парламентарни избори во 2008 година истата коалиција освои 27 пратенички места. На следните предвремени парламентарни избори во 2011 година, коалицијата предводена од СДСМ, освои 42 пратенички места со што го зголеми своето опозициско влијание во Собранието на Република Македонија. На локалните избори во 1996 година СДСМ освои 54 градоначалнички места со што беше партија со најмногу освоени мандати на тие избори. Во поновата македонска демократска историја на локалните избори во 2000 година, коалицијата предводена од СДСМ освои 32 градоначалнички места, а во 2005 година нејзиниот успех се зголемува и СДСМ освои 36 градоначалнички места со што останува доминантна партија по бројот на градоначалници. Во 2009 година СДСМ губи голем број од општините каде што е на власт, освојува 6 градоначалнички места плус едно градоначалничко место како дел од коалицијата.

Социјалдемократски сојуз на Македонија
ул. Павел Шатев бр. 8
1000 Скопје
Тел: 3293 100
Факс: 3293 109
web@sdsm.org.mk
president@sdsm.org.mk
www.sdsm.org.mk

ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ)

Демократската унија за интеграција произлезе од поранешните припадници на поранешната Ослободителна народна армија (ОНА) која го започна вооруженото конфликт во 2001 година. Идеолошки, ДУИ се декларира како лево-центристичка партија која се залага за поголеми права на Албанците и за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Партијата е формирана на 5 мај 2002 година и за првпат настапува на парламентарните избори истата година година, каде освојува најголем број гласови меѓу етничкиот албански електорат и станува дел од Владата предводена СДСМ. Од нејзиното основање до денес претседател на партијата е Али Ахмети. ДУИ беше дел од Владата од 2002 до 2006, при што беше претставена со најголем број министри што една албанска партија имала во Владата на РМ.

На парламентарните избори во 2006 година, ДУИ повторно освои најголем број гласови меѓу албанскиот електорат (12.2%), но по неуспешните преговори со ВМРО-ДПМНЕ, не беше вклучена во тогашната владина коалиција. Како резултат на ова ДУИ ја бојкотираше работата на Собранието во поголем период од 2006 до 2008 година кога беа распишани предвремени парламентарни избори.

На парламентарните избори во 2008 година, ДУИ освои 12.8% од гласовите и како најголема политичка партија со која се претставени етничките Албанци влезе во Владата на чело со Никола Груевски. На наредните парламентарни избори во 2011 година ДУИ повторно е трета по големина партија во однос на број на освоени гласови и пратенички мандати во Македонија (10.28%), односно 15 мандати и останува и дел од Владата на Република Македонија.

Од нејзиното формирање до денес, ДУИ учествувала на два изборни циклуси за локалната власт. И на изборите во 2005 и 2009 година, ДУИ освои 15 градоначалнички места, но во 2009 година ги изгуби Тетово и Гостивар кои се општини со мнозинско етничко албанско население.

Демократска унија за интеграција
ул. Мала Речица
1200 Тетово
Тел: 044 334 398
press@bdi.mk
www.bdi.mk

ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ (ДПА)

PARTIA DEMOKRATIKE SHQIPTARE

Демократската партија на Албанците основана е во јуни 1997 година со обединувањето на Партијата за демократски просперитет на Албанците (ПДПА) и Народната демократска партија (НДП). ПДПА е основана во 1994 година, откако радикалното крило на Партијата за демократски просперитет (ПДП) Арбен Џафери и Мендух Тачи ја напуштија матичната партија. ДПА се декларира како партија десно од центарот и се залага за поголеми права на Албанците во Македонија и за редефиниција на уставната рамка поставена со Охридскиот рамковен Договор. Претседател на ДПА е Мендух Тачи, кој на оваа функција е избран на 30 јуни 2007 година. Тачи стапува на оваа функција по оставката на претходниот претседател Арбен Џафери.

На изборите во 1998 година ДПА освои 24 пратенички места и стана дел од Владата на РМ предводена од ВМРО-ДПМНЕ. За време на конфликтот во 2001 година, ДПА останува дел од Влада на широка коалиција која подоцна го потпишува Рамковниот Договор. Потписник на Рамковниот Договор од страната на ДПА е нејзиниот тогашен претседател Арбен Џафери. По расформирањето на таа Влада, ДПА останува во владината коалиција.

На следните парламентарни избори во 2002 година, ДПА освои 5.2% од гласовите и 7 мандати и, станува опозиција во Собранието. ДПА повторно се враќа на власт кога по изборите во 2006 година успешно ги завршува преговорите со ВМРО-ДПМНЕ која го имаше добиено мандатот за формирање на Влада. На овие избори ДПА имаше освоено 7.5% од гласовите и 11 мандати што беше помалку од мандатите на ривалската ДУИ. На предвремените изборите во 2008 година, ДПА повторно добива 11 мандати, а на предвремените избори во 2011 година, 8 пратеници. По предвремените парламентарни избори во 2008 година најголемата парламентарна партија ВМРО-ДПМНЕ го прекинува традиционалното партнерство со ДПА и формира коалиција со најголемата албанска партија во парламентот ДУИ.

На изборите во 2005 година, ДПА освои две градоначалнички, а на следните избори во 2009 година, освои едно градоначалничко место во Тетово.

Демократска партија на Албанците
Градски центар 15/1
1200 Тетово
Тел: 044 333 581
Факс: 044 333 581
info@gurra-pdsh.org
www.pdsh.info

НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА (НДП)

Национална демократска преродба формирана е во март 2011 година како најмлада политичка партија во албанскиот етнички блок. Идеолошки, НДП се позиционира десно од центарот, како партија со демократска и национална определба и се залага за унапредување на личните и националните права и слободи на етничките албанци во Македонија. Претседателот и основач Руфи Османи, во моментот е градоначалник на општина Гостивар. НДП има 12 советници во советот на општина Гостивар, кој инаку е составен од 31 член. Членовите на оваа партија настапија како независни кандидати на локалните изборите во 2009 година. На парламентарните избори во 2011 година, НДП освои 2.67% од вкупните гласови и два пратенички мандата.

Национална демократска преродба
ул. Битпазарска 60
Скопје
Тел: 5511 371, 550 551
info@rdk.org.mk ; press@rdk.org.mk
www.rdk.org.mk

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА УНИЈА (СДУ)

Социјалдемократска унија формирана е во 2008 година по предвремените парламентарни избори од страна на тројца членови од раководството на Нова социјалдемократска партија (НСДП) Лазар Еленовски, Вера Рафајловска и Веле Митановски. За прв претседател избран е Лазар Еленовски, а од јуни 2012 година претседател на партијата е Чедо Николовски. СДУ е граѓанска партија со социјалдемократска идеологија и се залага за интеграција на Македонија во НАТО и ЕУ. СДУ има 5 советници во органите на единиците на локалната самоуправа, а нема избрани градоначалници или пратеници. На последните предвремени парламентарни избори во 2011 година СДУ освои 2 207 гласови, односно (0.20%).

Социјалдемократска унија
ул. 164 бр. 10А
1000 Скопје
Тел: 070 268 045, 078 078 370 201, 076 268 045
info@sdu.org.mk
www.sdu.org.mk

СОЦИЈАЛ ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА (СДПМ)

Социјал-демократската партија на Македонија (СДПМ) е формирана во 1990 година. За прв претседател бил избран Славко Милосавлевски. СДПМ е партија ориентирана лево од центарот и декларативно ја прифаќа социјалдемократската идеологија како основа за своето дејствување. Актуелен претседател е Бранко Јаневски, кој ја води партијата во трет последователен мандат.

Во моментот, СДПМ има две советнички места во единиците на локалната самоуправа. Оваа партија учествувала во сите изборни циклуси во плуралистичка Македонија, но без позначителен успех. На парламентарните избори во 2011 година СДСМ 1807 гласови (0.16%) на територија на Република Македонија. На локалните избори во 2013, СДПМ ќе настапи самостојно, со свои кандидати за градоначалници и со свои советнички листи.

Социјал-демократска партија на Македонија
бул. ЈНА бр. 54 зграда бр. 1, влез 1 приземје
Скопје

НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ НА МАКЕДОНИЈА (НДМ)

Народно движење на Македонија е основана на 18 мај 2002 година како партија со национална ориентација втемелена врз традицијата на македонскиот народ, која се залага за социјална држава и данок за богатите. Претседател на НДМ е Јанко Бачев. Партијата е дел од коалицијата „За подобра Македонија", но на овие локални избори настапува самостојно. НДМ има 2 советника во органите на единиците на локалната самоуправа, а нема избрани градоначалници или пратеници.

Народно движење на Македонија
ул. Даме Груев 10
1000 Скопје
Тел: 310 1999, 3101 990, 075 335 013, 070 387 171
ndm@ndm.org.mk
www.ndm.org.mk

ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТСКИ СИЛИ НА РОМИТЕ (ОДСР)

Обединети демократски сили на Ромите формирана е во декември 2012 година со спојување на Обединета партија за еманципација (ОПЕ) и Демократски сили на Роми (ДСР) со цел заеднички настап на локалните избори во 2013 година и зајакнат настап на политичката сцена. Претседател на партијата е Шабан Салиу. Партијата се залага за правична и соодветна застапеност на ромската заедница во јавната администрација и сите општествени сфери. ОДСР во моментов има 6 советници во органите на локалната самоуправа. Овие партии се во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ.

Обединети демократски сили на Ромите
ул. Шуто Оризари бр. 56
1000 Скопје

СОЈУЗ НА РОМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Сојуз на Ромите на Македонија е партија која ги застапува интересите на ромската етничка заедница во Македонија, активна на политичката сцена од крајот на 1990-тите години. Претседател на партијата е Амди Бајрам. Во периодот 1998 до 2002 година оваа партија учествува во работата на Собранието на Република Македонија со еден пратеник. Од 2006 година до денес СРМ повторно е застапена со едно пратеничко место во Собранието како дел од коалициите на ВМРО-ДПМНЕ.

На последните локални избори во 2009, Сојузот на Ромите освојува 6 советнички места и едно градоначалничко во општината Шуто Оризари. На изборите во 2013 година, оваа партија ќе учествува со еден кандидат за градоначалник и со една советничка листа во општината Шуто Оризари.

Сојуз на Ромите на Македонија
ул. Вашингтонска бр. 67
Скопје

СРПСКА НАПРЕДНА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА (СНСМ)

Српска напредна странка во Македонија е една од политичките партиии на српската заедница во Република Македонија. Декларативно, партијата се залага за зачувување на српскиот етнички идентитет во Македонија. Основана е во 2006 година и нејзин претседател е Драгиша Милетиќ. СНСМ има еден пратеник во Собрание и пет советници во органите на единиците на локалната самоуправа во Македонија.

Српска напредна странка
ул. Даме Груев бр. 10
1000 Скопје

КОАЛИЦИИ

„СОЈУЗОТ ЗА ИДНИНАТА"

„Сојузот за иднината" е коалициски блок на опозициските партии во Република Македонија, предводен од СДСМ. Во рамките на коалицијата, учествуваат уште Нова социјалдемократска партија, Партија за европска иднина, Либерална партија на Македонија[42], Движење за национално единство на Турците во Македонија, Српска напредна странка во Македонија, Партија за целосна еманципација на Ромите, Нова алтернатива, Сојуз на Титови леви сили, Партија за движење на Турците во Македонија, Демократски сојуз на Србите во Македонија, Демократски сојуз на Власите во Македонија, Партија на слободни демократи, Партија на пензионерите на РМ и Санџачка лига.

Во октомври 2012 година на опозицискиот коалициски блок му се приклучуваат Либералнодемократска партија, ВМРО-Народна партија, Достоинство и Обединети за Македонија. Коалицијата е потврдена со заедничка Декларација за соработка за претстојните локални избори. Главна цел на „Сојузот за иднината" е промена на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

„Сојузот за иднината" не учествува на локалните избори, но две партии од оваа коалиција, Партија за европска иднина и Српската напредна странка имаа поднесено кандидатури во неколку општини. Во моментот оваа коалиција функционира како вонпарламентарна опозиција во знак на протест кон политиките на владеачката партија. На 24 Февруари 2013 година „Сојузот за иднината" ја промовираше

[42] Ивон Величковски, претседател на Либерална партија"Одиме сами на локални, но коалицијата со СДСМ продолжува", Нова Македонија, 07.03.2013

својата Декларација за обнова на демократијата, слободата и правдата во Република Македонија. Со тоа, одлуката за бојкот на локалните избори 2013 беше потврдена од сите коалициски партнери, со исклучок на Либералната партија и Српската напредна странка на Македонија. Декларацијата во пет точки ги повикува граѓаните на бојкот на локалните избори и најавува враќање на пратеничките мандати на опозициските пратеници на денот на одржување на истите. Претстојните избори се оценети како нелегитимни и се предвидува ревизија со поништување и повторно одржување по промената на актуелната централна власт на евентуални предвремени избори.[43]

Со договорот на 01.03.2013 година постигнат помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, СДСМ се согласи да учестува на локалните избори.

„ЗА ПОДОБРА МАКЕДОНИЈА"

На последните локални избори во 2009 година, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ беше составена од 18 партии, Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија – ДОМ, Демократска партија на Турците на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Бошњачка демократска партија – БДП, Демократски сили на Ромите – ДСР, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Народно движење за Македонија, ВМРО-Демократска партија, ВМРО-Обединета, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин – ТМОРО – ВЕП, Македонска алијанса

[43] Целосниот текст на Декларацијата на "Сојузот на иднината" може да се погледне на веб локацијата на СДСМ, пристапена на 25.02.2013:<http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=7982>

и ВМРО-Македонска. Оваа коалиција нема посебно лого, односно се користи логото на ВМРО-ДПМНЕ. Платформата околу која овие партии се обединуваат за престојните локални избори 2013, како и во претходните изборни циклуси, се изборните програми на ВМРО-ДПМНЕ. Последната од 2011 година насловена е како „Манифест за реформи и развој”.

Коалициите на ВМРО-ДПМНЕ успеваа да обезбедат победи во сите изборни циклуси од 2006 година до денес, без разлика дали се работи за парламентарни, претседателски или локални избори.

ПРЕГЛЕД НА КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013



Териоторијална организација на локалната самоуправа 2013.[44]

Извор: Државна изборна комисија

Во овој дел се претставени кандидатите за градоначалници[45] кои ќе се борат за довербата на граѓаните на локалните избори во 2013 година. Номинираните лица во 29 општини и градот Скопје[46] се претставени со нивните биографии и фотографии, додека кандидатите од останатите

[44] За сите фотографии каде што како извор е користен интернет, точниот линк на изворот е наведен. Фотографиите од кандидатите за градоначалници на ВМРО-ДПМНЕ се превземани од http://gradonacalnici.mk/

[45] Во дополнителниот рок за поднесување на кандидатури, 8 март 2013, кандидатури за градоначалници и листи за советници поднесоа и коалицијата предводена од СДСМ Сојуз за иднината, Либералната партија, Републиканска алијанса (РА) и Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ).

[46] Претставувањето на кандидатите за градоначалници во 29 општини и градот Скопје е според азбучен редослед

општини се наведени само со нивните имиња и презимиња, како и со подносителот на кандидатурата.[47]

Во опширниот преглед се опфатени само поголемите општини кои се лоцирани во урбаните средини, вклучувајќи ги и сите општини во рамки на Градот Скопје. Критериуми за вклучување на општините во примерокот беа: урбаниот статус, бројот на жители (при што поголемите се вклучени), етничката структура на населението (при што се водеше сметка да се вклучат што повеќе мултиетнички општини) и бројот на номинирани кандидати за градоначалници.

[47] Во текот на изработката на оваа брошура контактиравме голем број на кандидати за градоначалници и партиите кои ги застапуваат, за да обезбедиме биографии и слики на номинираните лица. Во продолжение ги претставуваме само оние кандидати кои излегоа во пресрет на нашите барања и оние чиишто слики и информации се јавно објавени на Интернет просторот. Оние кандидати кои не се претставени со биографии и слики не ги доставија своите податоци во бараниот рок и затоа тука се претставени само со нивните имиња и презимиња, како и со подносителот на кандидатурата.

Град Скопје

Површина	1854 км^2
Број на жители	506,926
Етничка структура на население	Македонци (66,75%), Албанци (20,49%), Роми (4,36%), Срби (2,82%), Турци (1,70%)
Број на членови на совет	45
Буџет за 2012[48]	5,903,415,000
Адреса	Бул. Илинден бр.82, 1000 Скопје
Телефон	02/ 3 297 255; 02/ 3 297 536; 02/ 3 297 265; 02/ 3 297 236;
Мрежно место	http://www.skopje.gov.mk

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ

Артан Груби4 (ДУИ)[49] во моментот ја извршува функцијата шеф на кабинетот на Претседателот на ДУИ. Има четиринаесетгодишно работно искуство во различни меѓународни организации во Македонија и регионот, вклучувајќи ги НАТО, Хашкиот Трибунал и Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Тој е еден од основачите на граѓанската организација ,,Разбуди се!". Дипломирал и магистрирал на Правниот Факултет во Скопје, студии по новинарство, а во моментот е докторант на истиот факултет. Има 35 години.

[48] Буџетите на сите општини претставени во овој прирачник се изразени во денари.
[49] http://zhurnal.mk/data/news/Artan-Grubi_1.jpg

Беким Фазлиу (ДПА)[50] е пратеник во Собранието на Република Македонија. Тој е претседател на Постојаната анкетна комисија комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, како и член на Законодавно-правната-комисија и Комисијата за локална самоуправа. Од 2009 година до изборот за пратеник, бил советник во советот на Град Скопје. Од вонредните избори за градоначалник на Сарај во 2007 до 2009 година, Фазлиу ја извршува функцијата градоначалник на оваа општина. Има завршено Правен факултет во Скопје. Фазлиу има 33 години.

Габриела Арсова Милошевска (Републиканска алијанса)[51] е основач и претседател на партијата Републиканската алијанса. Во минатото работела во повеќе градежни претпријатија. Била советник за следење и надзор на објектите во образованието во Министерството за образование, одделение за градежни работи (1999-2001) и советник во Бирото за недоволно развиени подрачја (2001-2002). Дипломирала на Машинскиот факултет во Скопје, отсек индустриски менаџмент, а на Филозофскиот факултет во Скопје се стекнала со кавалификација за вршење наставна дејност. Во моментот е докторант на Машинскиот факултет. Има 43 години.

Горан Николовски (ЛП) е доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје каде работи 19 години. Во периодот од 2005 до 2009 година бил претседател на управниот одбор на ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје. Дипломирал на Ветеринарниот факултет во Загреб, а магистрирал и докторирал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Има 44 години.

Жаклина Николиќ (СДУ)

Злате Војновски (НДМ)

[50] http://zurnal.mk/content.asp?id=201212301932
[51] https://www.facebook.com/paradise.ag?fref=ts

Јани Макрадули (СДСМ)[52] е потпретседател на Собранието на Република Македонија, претседател на Советот на собранискиот канал, член на Комисијата за европски прашања и Комисијата за транспорт, врски и екологија. Функцијата пратеник ја извршува речиси 12 години, откако во септември 2001 година победува на мнозинските дополнителни избори за избор на пратеници. Пред да стане пратени, 11 години работел на Електротехничкиот факултет во Скопје како асистент, а бил и шеф на лабораторија при Институтот за компјутерска техника. Има објавено над 40 научни трудови и публикации. Макрадули дипломирал и магистрирал на Електротехничкиот факултет во Скопје. Тој има 48 години.

Коце Трајановски (ВМРО-ДПМНЕ) е актуелен градоначалник на Град Скопје. Претходно, од 2005 до 2009 година тој е градоначалник на скопската општина Гази Баба. Од 2008 година е претседател на Заедницата на единица на локалната самоуправа (ЗЕЛС). Од 1998 до 2005 година е пратеник во Собранието на Република Македонија. Пред да започне да се занимава со политика имал своја компјутерска фирма, а 15 години работел во МЗТ-Хепос. Трајановски има дипломирано на Машински факултет во Скопје. Тој има 57 години.

Љуљзим Фазири (НДП) работи како државен службеник во Министерството за труд и социјална политика. Претходно од 2009 до 2011 година работел во Владата на РМ при секторот за имплементација на Охридскиот рамковен договор, а од 2004 до 2009 година работел во Министерството за Правда. Докторирал на Правниот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје со што се стекнал со титулата доктор на политички науки. Поседува одлични познавања на работа со компјутер и англиски јазик. Има 28 години.

[52] https://www.facebook.com/janimak?fref=ts

Општина Аеродром

Површина	21 км^2
Број на жители	72,009
Етничка структура на население	Македонци (89,42%), Срби (4,28%), Албанци (1,41%)
Број на членови на совет	27
Буџет за 2012	1,785,561,126
Адреса	Ул. Венијамин Мачуковски бр. 6, 1000 Скопје
Телефон	02/ 2 400 970
Мрежно место	http://www.aerodrom.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Диме Велковски (СДСМ)[53] вработен е во јавното претпријатие „Паркови и зеленило" каде од 2005 до 2006 година ја извршувал функцијата генерален директор, а потоа, од 2006 до 2009 година бил технички директор. Велковски е дипломиран земјоделски инженер, а моментно е на постдипломски студии за агро-економика на Земјоделскиот факултет во Скопје. Тој, исто така, е овластен проценител на квалитет на храна. Велковски има 39 години.

Драгољуб Јаќоски (СДПМ)

Ивица Коневски (ВМРО-ДПМНЕ) е градоначалник на општина Аеродром од 2009 година. Претходно, од 2006 до изборот за градоначалник ја извршува функцијата генерален директор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија. Во 2005 и 2006 година е член на Советот на Град Скопје. Коневски е дипломиран правник со положен правосуден испит. Тој има 34 години.

[53] https://www.facebook.com/DimeVelkovskiZaAerodrom?fref=ts

Маја Миловановиќ – Михајловиќ (СДУ)

Мимица Антовска (ЛП) е финансов менаџер. Во перидот од 2005 до 2009 година била член на советот на општина Аеродром. Антовска е дипломиран економист. Има 48 години.

Општина Бутел

Површина	55 км^2
Број на жители	36,154
Етничка структура на население	Македонци (62,25%), Албанци (25,19%), Турци (3,61%), Срби (2,86%), Бошњаци (2,68%), Роми (1,55%)
Број на членови на совет	19
Буџет за 2012	400,000,000
Адреса	Бул. Босна и Херцеговина бб, 1000 Скопје
Телефон	02/ 2 600 506
Мрежно место	http://www.opstinabutel.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА БУТЕЛ

Алил Палоши (ДУИ)

Ѓорѓе Сековски (СДУ)

Ермонд Мифтари (ДПА)

Коста Начевски (СДСМ)[54] дипломирал бизнис администрација на Еуро Колеџот во Куманово. Има 35 години.

Петар Мандалов (СДПМ)

Петре Латиноски (ВМРО-ДПМНЕ) го извршува својот втор мандат како градоначалник на општина Бутел и е прв градоначалник на оваа општина. Од 1999 до 2003 година работи како директор во ДСУ за економија и биротехника „Арсени Јовков", а од 1978 до 1999 година како професор во ова училиште. Дипломирал на Природно математичкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, отсек географија. Има 58 години.

[54] https://www.facebook.com/KostaNachevskiZaButel?fref=ts

Општина Гази Баба

Површина	92 км^2
Број на жители	72,617
Етничка структура на население	Македонци (73,67%), Албанци (17,22%), Срби (2,89%), Роми (2,87%)
Број на членови на совет	27
Буџет за 2012	730,129,000
Адреса	Ул. Александар Македонски бб, 1000 Скопје
Телефон	02/ 3 226 655
Мрежно место	http://www.gazibaba.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Александар Бежовски (ЛП) е управител на АБ ИНКонсалт веќе 13 години. Од 2001 до 2003 година работел како Раководител на одделение за меѓународна царинска соработка во Царинската управа на Република Македонија, а од 2000 до 2001 година бил Советник за евроинтеграции во Министерството за внатрешни работи. Пред да влезе во државната администрација четири години, од 1996 до 2000 година бил управител на фамилијарна фирма ВИЗА-Б Скопје. Бежовски дипломирал на Правниот факултет во Скопје, каде исто така магистрирал во областа на меѓународното право. Има 37 години.

Борче Стефановски (ВМРО-НП)[55] е сопственик е на приватна компанија за трговија на големо и мало која ја основал во 1990 година. Од 1999 година до денес е претседател на управен одбор на живинарска фарма Белимбегово. Во периодот од 2000 до 2005година бил градоначалник на општина Гази баба. Од 2007 до 2009 година работел во како координатор на работата на јавните претпријатија на Град Скопје и помошник раководител на секторот за финансии на Град Скопје. Од 1996 година е потретседател на Карате клубот Металург-Скопје. Дипломирал и магистрирал на Економскиот факултет во Скопје. Има 46 години.

Гоце Делчев Тодев (СДУ)

Мухадин Муртезани (ДПА)

Никола Пападиновски (СДПМ)

Тони Трајковски (ВМРО-ДПМНЕ) го извршува својот прв мандат како градоначалник на општина Гази Баба. До изборот за градоначаник во 2009 година бил вработен во АД „Елем", а претходно работел и како инженер во АД „ЕСМ". Од 2005 година е член на советот на општина Гази Баба, а од 2008 година е претседател на општинскиот совет. Трајковски дипломирал на Машинскиот факултет во 2001 година во Скопје. Има 39 години.

[55] https://www.facebook.com/BorceStefanovskiKandidatZaGradonacalnikNaGaziBaba

Општина Ѓорче Петров

Површина	67 км^2
Број на жители	41,634
Етничка структура на население	Македонци (85,16%), Албанци (3,84%), Срби (4,16%), Роми (3,00%)
Број на членови на совет	23
Буџет за 2012	726,913,000
Адреса	Ул. Ѓорче Петров бр. 73, 1000 Скопје
Телефон	02/ 2 039 307; 02/ 2 039 308
Мрежно место	http://www.opstinagpetrov.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Александар Наумоски (СДСМ)[56] работи во Еуролинк осигурување АД Скопје како ликвидатор на штети по зелена карта. Пред 2011 година бил соработник во Министерство за правда, во секторот за поддршка на Владиниот агент, а исто така има работено како советник на генералниот директор за правни прашања во Централен регистар на Република Македонија. Наумоски магистрирал и дипломирал на Правниот факултет во Скопје. Има 35 години.

Мирко Ристовски (СДУ)

Светозар Димовски (СДПМ)

Сокол Митревски (ВМРО-ДПМНЕ) го извршува неговиот втор мандат како градоначалник на општина Ѓорче Петров. Тој е еден од основачите на Факултетот за одбрана во Скопје, како и долгогодишен професор на Воената академија во Скопје. Бил член и аѓутант на кабинетите на претседателите на Република Македонија, Киро Глигоров и Борис Трајковски. Денес е генерал во пензија. Високо образование стекнал на воената академија во Белград, воен колеџ во Париз, како и на други воени школи. Има 65 години.

[56] https://www.facebook.com/photo.php?fbid=222169054596606&set=a.157399577740221.54206.157399447740234&type=1&theater

Општина Карпош

Површина	35 км^2
Број на жители	59,666
Етничка структура на население	Македонци (88,51%), Албанци (3,27%), Срби (3,66%), Роми (1,03%)
Број на членови на совет	23
Буџет за 2012	1,768,402,000
Адреса	Ул. Демир Трајко бр. 43, 1000 Скопје
Телефон	02/ 2 3 069 799; 02/ 3 061 734; 02/ 3 066 498
Мрежно место	http://www.karpos.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

Александар Георгиевски (СДПМ)

Андреј Петров (СДСМ)[57] е пратеник во Собранието на Република Македонија, каде што е член на Комисијата за здравство. Функцијата пратеник ја извршува речиси 5 години, а претходно, од 2003 до 2008 година бил градоначалник на општина Карпош. Од 1996 година до 2003 година работи на Клиниката за дерматовенерологија. Тој, исто така, е специјалист – консултант на болницата Ремедика во Скопје. Има дипломирано на Медицинскиот факултет во Скопје и специјализирано на дерматовенерологија на истиот факултет. Петров има 41 година.

[57] https://www.facebook.com/PetrovAndrej

Јагнула Куновска (ВМРО-ДПМНЕ) е пензиониран адвокат. Таа е дел од основачите на Движењето за семакедонска акција (МААК) во 1990 година, а во 2006 година е избрана за пратеник во Собранието на Република Македонија како кандидат на Нова Социјалдемократска Партија (НСДП). Во текот на 2007 година преминува од НСДП во редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Има завршено на Правниот Факултет во Скопје и магистрирано во областа на кривичното право. Има издадено поголем број на поетски книги, а исто така се занимава и со сликарство. Таа е член и на Друштвото на Писатели на Македонија. Јагнула Куновска има 70 години.

Небојша Давидовски (СДУ)

Стевчо Јакимовски (СНСМ)[58] го извршува својот втор мандат како градоначалник на општина Карпош. Првиот мандат како градоначалник го извршува во периодот од 2000 до 2003 година. Во 2003 година е назначен за министер за економија, а од декември 2004 година ја извршува функцијата министер за труд и социјална политика. По завршувањето на министерскиот мандат работи во неговата приватна фирма. И пред започнувањето на политичката кариера се занимава со приватен бизнис, а во 1992 година станува директор на Катланово Турс. Јакимовски дипломирал на Економскиот факултет во Скопје. Има 52 години.

[58] http://apostolka.com/stevce-jakimovski-proglasen-za-najdobar-gradonacalnik-vo-jugositocna-i-sredna-evropa/#.USypNTBIXPU

Општина Кисела Вода

Површина	47 км^2
Број на жители	57,236
Етничка структура на население	Македонци (91,69%), Срби (2,49%), Роми (1,25%), Власи (1,13%)
Број на членови на совет	23
Буџет за 2012	1,021,543,478
Адреса	Ул. Првомајска бб, 1000 Скопје
Телефон	02/ 3 785 400
Мрежно место	http://www.kiselavoda.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Билјана Беличанец Алексиќ (ВМРО-ДПМНЕ) работи како актер во Драмскиот театар - Скопје од 1997 година. Претходно има работено во Народен театар „Војдан Чернодрински" – Прилеп. До сега има реализирано бројни главни и споредни улоги во повеќе театарски проекти во Драмскиот театар и други институции и проекти. Дипломирала на Факултетот за драмски уметности во Скопје како најмлад актер. Има 39 години.

Љупчо Васовски (СДСМ)[59] работи како оперативен директор за малопродажба во компанијата ТИНЕКС. На оваа позиција веќе е 18 години, од самото формирање на компанијата. Претходно работел како комерцијален директор во фирмата Интерпрогрес. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје. Активно се занимава со кошарка веќе 20 години и член е на управниот одбор на Кошаркарската федерација на Република Македонија. Има 53 години.

Сашо Јованоски (СДПМ)

Татјана Ѓоршиевска (СДУ)

[59] https://www.facebook.com/LjupcoVasovskizaKiselaVoda?fref=ts

Општина Сарај

Површина	241 км^2
Број на жители	35,408
Етничка структура на население	Албанци (91,53%), Македонци (3,89%), Бошњаци (3,16%)
Број на членови на совет	19
Буџет за 2012	370,000,000
Адреса	Рекреативен Центар Сарај бб, Општина Сарај
Телефон	02/ 2 057 990; 02/ 2 057 996
Мрежно место	http://www.saraj.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА САРАЈ

Азби Нуредини (ДПА)

Беким Мурати (ДУИ)[60] го извршува својот прв мандат како градоначалник на Сарај на кој стапи на предвремените локални избори во 2011 година. Од 2002 работел како новинар во повеќе македонски печатени и електронски медиуми. Завршил студии по комуникологија на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Има 32 години.

Блерим Халими (НДП)

Зоран Бошковски (ВМРО-ДПМНЕ) во минатото работел како новинар, а од 1997 година е вработен во основното училиште „Ѓорче Петров" како наставник по македонски јазик,. Во 2006 година е именуван за директор на ова училиште . Воедно автор е на неколку публикации. Дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје. Има 45 години.

[60] http://www.utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=94966CC74DD05B4A979FB4CE6FA3F416

Општина Центар

Површина	10 км^2
Број на жители	45,412
Етничка структура на население	Македонци (85,39%), Срби (4,49%), Албанци (3,23%), Роми (2,14%), Турци (1,08%), Власи (1,01%)
Број на членови на совет	23
Буџет за 2012	486,530,000
Адреса	Ул. Михаил Цоков бб, 1000 Скопје
Телефон	02/ 3 203 600
Мрежно место	http://www.opstinacentar.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Андреј Жерновски (ЛДП)[61] е претседател на Либерално демократската партија. Во период од 9 години, од 2002 до 2011 година, бил пратеник во Собранието на Република Македонија, по што е избран за претседател на ЛДП. Во периодот од 1996 до 2000 година бил советник во советот на Град Скопје и заменик претседател, а следните две години бил советник на градоначалникот на Град Скопје. Дипломирал на Градежниот факултет во Скопје. Има 44 години.

Владимир Тодоровиќ (ВМРО-ДПМНЕ) го извршува својот прв мандат како градоначалник на општина Центар. Тој е основач и извршен директор на компанијата „Тинекс". Тодоровиќ инвестира и го поддржува ракометниот клуб „Пролет". Тој е претседател на Ротари-клуб Скопје во периодот од 2005 до 2006 година, а исто така е и претседател на Трговската комора и член на управниот одбор на Сојуз на стопански комори. Дипломирал на Градежниот факултет во Скопје. Има 56 години.

Горица Трајковска (СДПМ)

Цуте Трајчески (СДУ)

[61] http://ldp.org.mk/PresoviSoopstenija.asp?rb=466

Општина Чаир

Површина	4 км^2
Број на жители	64,773
Етничка структура на население	Албанци (57,00%), Македонци (24,13%), Турци (6,95%), Роми (4,76%), Бошњаци (4,55%)
Број на членови на совет	27
Буџет за 2012	858,090,420
Адреса	Бул. Христијан Тодоровски бр. 5, 1000 Скопје
Телефон	02/ 5 101 855
Мрежно место	http://cair.gov.mk/

КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЧАИР

Бесник Телаи (независен кандидат)[62] е професор на Државниот универзитет во Тетово и на Државниот универзитет во Приштина. Претходно работел како настаник по физичка култура во основното училиште „25ти Мај" во Скопје. Дипломирал и магистрирал на Факултетот за физичка култура во Скопје, а подоцна на истиот факултет се стекнал и со титулата доктор на науки. Има 50 години.

Гиктен Хазири (НДП) работи во Министерството за Култура од 2007 година како раководител на одделението за културен развиток и културни политики. Пред тоа, во периодот 2005 до 2007 година работел во Секторот за спроведување на Рамковниот договор при Владата на Република Македонија. Магистрирал и докторирал во областа меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет во Скопје. Има 53 години.

[62] http://www.unitesport.edu.mk/stafiakademik/profesoret/61-profesoret/6-besnik-telai.html

Изет Меџити (ДУИ)[63] во моментов го извршува својот втор мандат како градоначалник на општина Чаир. Пред да биде избран за градоначалник има работено во „Македонски пошти" и како професор во СУГС „Арсениј Јовков" во општина Бутел. Во моментов е магистрант на Економскиот факултет во Скопје, каде претходно има дипломирано во 2000 година. Има 36 годнини.

Марија Ангелова (ВМРО-ДПМНЕ) е директор на градинката „Снежана" во Скопје. Во периодот од 2006 до 2010 година била професор по одделенска настава при основното училиште „Браќа Рамиз и Хамид" во Чаир, а претходно работела во Министерството за одбрана. Во периодот од 1999 до 2002 година работела во фирмата Еуро интернешнл корп. и кинг стар. Ангелова се има стекнато со диплома за професор по предучилишна настава од Педагошкиот факултет во Штип и диплома за професор по одделенска настава од Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" во Скопје. Ангелова исто така е магистер на науки во областа на менаџмент на човечки ресурси. Има 32 години.

Мухамед Тачи (ДПА)

Трајче Неделковски (СДСМ)[64] е пензиониран инспектор по насилен криминал во Министерството за внатрешни работи. Во МВР работел 36 години, од 1976 до 2012 година. Дипломирал на Техничкиот факултет во Битола, насока – сообраќаен инженер. Има 54 години.

[63] http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=2A93E6FF84A0EF4EA93CCF033C7FBD8F
[64] https://www.facebook.com/photo.php?fbid=268240703310468&set=a.267154986752373.1073741825.267154206752451&type=1&theater

Општина Шуто Оризари

Површина	7 км^2
Број на жители	22,017
Етничка структура на население	Роми (60,60%), Албанци (30,32%), Македонци (6,53%)
Број на членови на совет	19
Буџет за 2012	193,366,349
Адреса	Ул. Виетнамска бб, 1000 Скопје
Телефон	02/ 2 650 584
Мрежно место	http://www.sutoorizari.org.mk

